11-527/1
02-02-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 41-а став 8 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 99–та седница одржана на 30.01.2024 година го усвои следниот

**ИЗВЕШТАЈ**
**за антикорупциска проверка на**
**одредбите од Предлог Законот за метрологијата**

**Наслов:**

- Предлог Закон за метрологијата

**Доставено барање мислење од овластен предлагач/по сопствена иницијатива :**
По пријава од страна на познат подносител доставена преку електронска пошта, врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019.

**Област:** Економија

**Генерална оценка**

1. **Осврт на барањето :**
Со овој закон согласно новиот предложен текст на законот, се уредува метролошкиот систем во Република Северна Македонија законските мерни единици; еталоните; референтните материјали; калибрација на еталоните и мерилата, прометот и употребата на мерилата; оцената на сообразноста на типот на мерилата; оцена на сообразноста на мерилата со суштествените барања; верификација на мерилата; важноста на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло; тестирање на квалитетот на течните горива, метролошкиот надзор над количините и ознаките на количините на пакуваните производи; тестирањето на квалитетот на материјали, производи или опрема, во функција на

исполнување на целите на овој закон, надзорот над примената на овој закон и други прашања од значење за метролошкиот систем .

Како предмет на уредување на овој закон се и надлежноста на Бирото за метрологија, организацијата, делокругот на работа, начинот на вршење на работата и раководење со Бирото за метрологија, класификацијата на работните места, овластувањата и одговорностите при вршењето на метролошкиот надзор спецификчностите во правата, обврските и одговорностите на вработените во Бирото за метрологија, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на учинокот, кодексот на однесување, наградите и признанијата, како и финансирањето на Бирото за метрологија.

2. **Разгледани / консултирани дополнителни материјали:**
- Закон за метрологија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2002, 84/2007, 120/2009, 136/2011, 6/2012, 164/2013, 41/2014, 192/2015, 53/2016, 64/2018 и 215/2021).
- Закон за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/2010, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18).
- Правилник за дефинициите, имињата и симболите, подрачјето и начинот на примена, обврската за употреба и начин на пишување на законските мерни единици - член 46;
- Правилник за суштествените барања кои треба да ги исполнуваат определени мерила пред нивното пуштање во промет или ставање во употреба, видот и намените на мерилата, означувањето на мерилата , видот на документите кои го следат мерилото кога се пушта во промет или се става во употреба, употребата на хармонизираните стандарди, нормативни документи и технички спецификации, содржината на потребната техничка документација и начинот на известување за пуштање на мерилата во употреба- член 53 став (4);
- Правилник за формата и содржината на барањето и пропратната документација, начинот за оцена на сообразноста на типот на мерилата, задолжителноста за примена на одреден метод за соодветен тип на мерило како и видот на методот, одредени методи или одредена комбинација на методи за оцена на сообразноста на типот на мерилата и оперативните обврски на телата за оцена на сообразноста- член 65 став (6);
- Правилник за формата и содржината на ознаката за сообразност CE и дополнителна метролошка ознака и начинот на нивно прикачување-член 68 став (5);
- Правилник за категориите и видовите на мерила за кои е задолжителна верификацијата, постапките за верификација, роковите на периодичната верификација, како и категориите и видови мерила за кои може да се добие овластување за верификација-член 75;
- Правилник видовите и формите на ознаките, жиговите и пломбите кои се користат при верификација на мерилата, како и содржината и формата на сертификатот за верификација - член 77 став (1);
- Правилник за Поблиските услови за овластување на правно лице за периодична и вонредна верификација на одредени видови на мерила, како и за подготовка на верификација постапката за

овластување на правното лице, задачите на овластеното правно лице и оцената на исполнетоста на барањата за овластување- член 78 став (10);

- Правилник формата и содржината на барањата за добивање на овластување за подготовка за верификација и барање за добивање на овластување за верификација на мерила- член 78 став (16);
- Правилник за начинот и постапката на вршење на метролошкиот надзор и барањата кои пакуваните производи треба да ги исполнуваат по однос на количините, начинот за означување на количините и дозволените отстапувања од означената количина и листата на номиналните количини на пакуваните производи како и суштествените барања за шишињата што се користат како мерни садови-член 88 став (2);
- Одлука за висината и начинот на наплатувањето на надоместокот од член 90 став (1)- член 90 став (2);
- Правилник за начинот и постапката на инспекцискиот надзор што го врши Бирото -член 95 став (1)

Државната Комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а согласно со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, по спроведената антикорупциска проверка на одредбите од споменатиот закон, го донесе следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

Државната комисија за спречување на корупцијата, по извршената анализа и оценка на легислативата кои ја уредуваат дадената област согласно Предлог Законот за метрологијата, наиде на постоење на регулаторни ризици.

**Образложение**

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива врз основа на член 17 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), спроведе антикорупциска проверка на одредбите од Предлог законот за метрологија и го утврди следното:

Предложенит текст на Законот за метрологија има за цел усогласување со законодавството на Европската Унија, во таа насока, во предлог законотсе трансформираат одредбите од Директивата 2014/31/ЕУ, Директивата 2014/32/ЕУ и Регулативата (ЕУ) бр.210/2014.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Досегашното искуство со постијаниот закон покажа дека постојат слабости и неможност де се постигне основната цел на законот во поглед на дефинирање на консолидиран, унифициран и разбирлив пристап приспроведување конкретно во делот на метролошкиот надзор.

Пријавата се однесува токму во регулирањето на овој дел од Предлог законот, односно во сомнежот дека постоји судир на интереси кои би настанале со истовремено вршење на две спротивставени активности од страна на Бирото за метрологија која врши верификација/оцена на сообразноста на мерилата и инспекциски надзор над употребата на мефрилата.

При компаративна анализа на наводите од пријавата како и предлог Законот за метрологијата, може да се констатира дека согласно член 58 ставот 1 Оцена на сообразноста врши Бирото или правно лице кое е овластено за вршење на оцена на сообразноста од страна на Министерството.

Отутка може да се констатира дека при вршење на сообразноста не е децидно регулирано во кои случаи Бирото врпи оцена на сообразноста и во кои случаи тоа би го правел прано лице кое е овластено за вршење на сообразноста.

Истото се однесува и на членот 69 со кој се регулира верификацијата односно ставот (2) со кој се регулира дека периодична верификација **може** да врши Бирото **или** овластено правно лице за одредени видови на мерила, во зависност од опсегот на овластувањето.

Член 70 ставот (2) Вонредна верификација врши Бирото **или** овластеното правно лице за одредени видови на мерила, во рамките на опсегот на неговото овластување.

Анализирајќи ги овие одредби а особено употребата на зборовите „може„ и „или„ остава простор за ризици од корупција бидејки истите се двосмислени и остават простор за правни недостатоци или празнини во поглед на превенција.

Употребените термини се двослислени односно не се јасни и прецизни во кој случај постапува бирото а во кој случај би постапил правното лице, со тоа што се остава простор овие битни прашања да се доуредат со подзаконски акти.

Во случајот дури може да се толкува на начин што одредбите доведуваат до преклопување на надлежности односно две органи се надлежни за спроведување на иста задача.

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930 https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

**Заклучоци и препораки:**

**Државната комисија за спречување на корупцијата при спроведената анализа и проверка на горенаведените одредби заклучи дека е потребно да се преземат чекори во насока на надминување на вака констатираните состојби и тоа**

- Јасно и прецизно да се уредтат во кој случај постапува бирото за метрологија и во кој случај правното лице овластено за вршење на оцена на сообразноста од страна на Министерството, со тоа што задолжително да се води сметка да се избегне судирот на интереси.

Изготви: А.С

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**

**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Претседател,**

**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup